РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5086/6
15-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 98-та седница одржана на ден 11.01.2024 година ја донесе следнава

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-5086/1 од 27.10.2023 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконско именување на в.д. директор на детска градинка, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што постапил и преземал мерки надлежен државен орган.

Предметот со број 12-5086/1 од 27.10.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 27.10.2023 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконско именување на в.д. директор на детска градинка и оформен е предмет број 12-5086/1 од 27.10.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува дека во детската градинка ------------------------------------------ веќе во период од две години раководи вршител на должноста директор кој не ги исполнува законските услови.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК се обрати до Министерството за труд и социјална политика - Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата, да изврши инспекциски надзор во однос на законитоста на именувањето на в.д. директорот на горенаведената установа, а за наодите од надзорот да ја извести ДКСК со прилог записник и останати акти кои произлегле од вршењето на надзорот.

Од страна на министерството е добиено известување дека согласно член 200 став (1) алинеји 1 и 4 од Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ", бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27 /16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Сл.весник на РСМ", бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Министерството за труд и социјална политика по службена должност при увид во решенијата за именување на вршител на должност директор во ОЈУ ---------------------------------------------------- констатирало дека Градоначалникот на Општина ----------- не постапил согласно член 123 став (1) од истиот закон и не донел одлука управниот одбор на установата да објави јавен

оглас за избор на директор. Се наведува дека тој во четири наврати едноподруго за вршител на должност директор ја именувал -------, видно од решенија од 25.01.2022 година, 25.07.2022 година, 24.01.2023 година и 24.07.2023 година. Поради тоа Министерот за труд и социјална политика на Градоначалникот на Општина ------------ му доставил Укажување на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општината кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите од јавен интерес од областа на заштита на децата од локално значење од 07.12.2023 година. Имено, на градоначалникот му е укажано да постапи согласно член 123 став (1) од Законот за заштита на децата во определен рок и да донесе одлука управниот одбор на ОЈУ Детска Градинка ---------------------------- да објави јавен оглас за избор на директор, притоа разрешувајќи го од функција вршителот на должност директор, досегашниот в.д. директор и да назначи нов вршител на должност директор кој ќе ја спроведе постапката за именување на директор.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај постапил и преземал мерки надлежен орган и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**